**Христо Петрески**

# ИЗБРАНИ РАСКАЗИ

(од книгата **“Трета среќа“**)

## ДВАЈЦА РИБАРИ

*НАРАВОУЧЕНИЕ:*

Не знам зошто токму двајца рибари, кога може и двајца оџачари, двајца ловци, двајца кројачи, двајца наставници, двајца готвачи, двајца морнари, двајца пекари, двајца лекари, двајва аптекари и така натаму и така натаму...

А, може (зошто да не?) и две жени, две деца, но во секој случај двајца од кои едниот на другиот му направил некаква многу дребна услуга во животот, а тоа постојано му го нагласува, па на другиот веќе му се стемнува кога тој првиот тоа му го спомнува секогаш одново и одново, повторно и повторно...

Се сеќавам кога еден мој многу близок доби писмо од еден поранешен познаник кому веќе му го имаше заборавено и името и изгледот, а овој во писмото молејќи го за ситна услуга, не заборавил да напише (читај: да потсети!) дека тој е човекот што му ја дал воздушната пушка за време на викендот која ученикот требало да ја врати во понеделникот, но ученикот ја вратил во вторникот, а тој ете не му направил никаков проблем... Знам дека мојот близок беше толку бесен, како ретко кога, па не само што се исчудуваше од каде ја нашол адресата за да му го напише тоа писмо, туку зошто толку години памтел една обична глупост (доцнење од само еден ден) и, ете, сега го потсетува дека му направил некаква услуга, па тој сега треба за тоа и да му возврати со друга услуга...

Страшно, или како што би рекол мојот близок: страобално!

Затоа, на слична тема, е и кусиот расказ за двајцата рибари.

Заклучокот извлечете го сами, а јас сум тука само да ја раскажам приказната и да посведочам за случката:

*Еден ден отишле двајца добри другари на риболов и едниот од нив, кој бил малку покрупен и потромав се лизнал и паднал во реката. Но, бидејќи паѓањето било многу неочекувано, тој толку многу се исплашил, а и не бил многу вешт пливач, за малку ќе се удавел да не бил тука неговиот пријател, инаку поискусен и повозрасен рибар.*

*Постариот рибар брзо реагирал, зел една врбова гранка и му ја подал на помладиот и исплашен рибар. Овој брзо се фатил за неа и некако се извлекол преку лизгавиот и висок брег. Времето било врнежливо, тревата на која стоеле влажна и малку недостасувало едниот рибар да го повлече матицата кон вирот.*

*Кога се вратиле дома, двајцата отишле во домот на помладиот за да го поделат уловот и да се одморат, а стариот ја раскажал целата случка, иако претходно се договориле да молчат за настанот и да не ги вознемируваат дополнително неговите две деца и жена. Но, постариот, како да имал жива риба во устата, па не само што не издржал да молчи, туку вака ја започнал и завршил приказната:*

*- Е, мој пријателе, да не бев јас, сега немаше да седиш овде покрај мене, туку ќе те однесеше матната...*
*- Точно е, ти ми го спаси животот, тоа нема никогаш да ти го заборавам - рекол помладиот рибар, а постариот и на заминување му повторил:*
*- Овој ден да го памтиш и славиш, зашто јас ти го спасив животот!*
*- Добро, во ред, од денес ќе те имам за побратим!*
*Не поминало многу време, и двајцата рибари се нашле повторно заедно на свадбата на еден нивен заеднички сосед. Постариот повторно ја започнал истата приказна:*
*- Е, мој побратиме, кажи им на другиве, и тие да знаат зошто сме ние побратими!*
*- Па, затоа што ти ми го спаси животот!*
*- Е, мислиш да поминеш само со таа реченица "Ти ми го спаси животот". Ти требаш да правиш банкет, свадба, зашто да не бев јас присебен сега немаше да седиме овде и да пиеме и јадеме заедно.*

*- Така е, така е, тој ден имав големо премреже, но да го заборавиме тоа сега и да се провеселиме...- пропелтечел помладиот рибар, кому му доаѓало да стане и да си замине од софрата, но постариот рибар продолжил да раскажува: како со своите силни раце брзо ја скршил гранката и му ја подал, како одвај успеал да го извлече надвор, како ризикувал и тој да падне внатре, како тој ден ја "фатил најголемата риба во животот" и како помладиот рибар се расплакал од среќа кога си ги видел жената и децата повторно... А, и најубавите парчиња риби кои ги уловив тој ден му ги дадов нему, зашто ми беше грев поради она што му се случи...*

*По неколку месеци, двајцата рибари повторно се нашле во близина на истата река. Постариот дошол кај помладиот и му рекол:*

*- Се сеќаваш ли, побратиме, онде подолу како се лизна и како јас ти го спасив животот. Да не бев тогаш јас заедно со тебе, сега сигурно немаше да ловиш пак риби на Црна.*

*А, помладиот рибар не ни дочекал да ја раскаже постариот рибар целата приказна: за гранката, за тревата, за лизгањето, за влечењето, за плачењето..., туку како што бил облечен во долга зелена наметка, со торбата преку рамо, со рибарскиот стап во рацете, но и со речиси полната најлонска кеса со риби врзана за појасот, се нурнал во водата и таа почнала да го носи кон вирот...*

*Постариот рибар толку се преплашил од ненадејното фрлање во водата на помладиот рибар, што почнал да вика по него, да бара гранка, но и да ги собува чизмите за и тој да се нурне во длабоката и надојдена вода по него.*

*Но, помладиот рибар молчел и не барал никаква помош, туку се обидувал да се спаси самиот, држејќи се за соголениот корен на старата висока топола која се извишувала над реката.*

*- ...Е, не ми даде ти повеќе риби од тие што избегаа од мојата најлонска кеса во водата и воопшто не ми беше полесно мене сега отколку тогаш (рибите што избегаа од мојата најлонска кеса воопшто не беа помали од твоите, а и водата е сега побрза и поматна) - рече помладиот рибар, речиси нечујно, цедејќи ја облеката на брегот од реката, а веднаш потоа повторно ги облече*

*мокрите алишта и тргна на спротивната страна од патот по кој се упати постариот рибар...*

*(Скопје, 11 Октомври 2008 година)*

## МЕЃА

*"Брат брата не рани, тешко кој го нема"*

*народна*

Да не беше таа пуста меѓа, белки ќе поживееше и брат ти - со тага во очите и болка во срцето му рече Соколејца на Костадина, неговиот брат, додека ги редеа венците и цвеќињата на гробот.

Ееееe, ми доаѓа да рипнам и јас сега во гробов - пропелтечи старецот низ солзи, на последното испраќање на неговиот брат. Јас друг брат немам, ниту сестра... Сега ништо немам... Останав сам како утка...

Не плачи, сега е веќе доцна, додаде Соколејца, а на Костадина навистина му идеше да ја разгрне ровката земја штотуку послана врз ковчегот од брат му и да се испружи целиот до него, белки ќе му биде така полесно. Белки ќе му излезат од душата сите болештиње, сите неизречени зборови кои сакаше да му ги каже во знак на покајание, но одеднаш како дамла да го удре кога се наведна кон камарата за да запали свеќа, па падна покосен веднаш до нозете од Соколејца, а таа целата избезумена во очај викна колку што можеше во тој миг:

- Луѓе, помагајте, на Костадина му се слоши, дајте вода да го измиеме, да го повратиме на нозе, да не отиде и тој в црна земја...

Костадин одвај стоеше на нозе кога го кренаа под мишките двата негови сина, едниот од едната, а другиот од другата

страна. Брзо носете го в болница, советуваа роднините, Костадин е стар и изнемоштен, да не отиде и тој јабана...

> - Море, поарно да ме нема, поради таа пуста меѓа, сега брат ми не ни знае дека сум дошол да го видам за последен пат - одвај изусти старецот, а на Соколејца и онака ѝ беше премногу од еден, а не пак од два погреба.

А, таа пуста меѓа, кој ли ја поставил точно меѓу тие две наши ниви не знам, но знам дека кога бевме деца многу сакавме да одиме кај тие две ниви и да си играме криенка. Имаше високи трње и капини во кои ние се пикавме, па и татко и мајка често беа исплашени да не н касне змија, да не се издраскаме и избоцкаме по рацете и нозете, а ние ќе се пикневме полека внатре и тука ќутевме додека тие нé бараа наоколу.

Инаку, убаво рекол некој, не печали и премногу, зашто ќе им оставиш кавга на децата. А нашите родители беа од вредни превредни, па нé оставија колку нивје толку јадови, која од која нива поубава, та зошто била негова а не моја. Си фрливме и жрепка, ама пустиот мерак по таа нива остана и кај двајцата. Мене ми се падна долната, а нему горната. А меѓата, огон да ја изгореше, како меѓа, некаде права, некаде крива, ама око чоечко лакомо, па мене ми се чинеше дека горната нива е ем поубава ем поголема... Ако, сé ќе ви искажам, да ми излезе црнава грутка од градиве - им велеше на другите пациенти во болницата, кои повеќе дремеа отколку што го слушаа, а тој зборуваше ли зборуваше, додека така зборувајќи и самиот не завенеше. Ќе го потпрашаше некој постар човек од другите болнички кревети по нешто, повеќе за брат му отколку за него: колку години имал Соколе, од што боледувал, а Костадин секогаш одново се навраќаше на приказната за меѓата, зашто на таа проклета меѓа се случи она што ни во сон не му доаѓало никогаш.

> - Отидов еден ден во нивата Преку Река, продолжуваше тој со монологот, и кога ќе видам оревот толку многу родил, што се искршиле гранките од тежината. Си реков, добро родил оревот годинава, ќе има и за дома и за на пазар. Ама, гледам горе, се вртам, се подопулувам спроти сонце низ пароите и си велам оревиве почнале да паѓаат и да се катат, помина Крстовден, па да го викнам Соколета да го обериме оревов. Така и направивме, отидовме јас, тој и жените со по еден долг стап и со по неколку празни

вреќи под мишките. Чукавме што чукавме, се уморивме од чукањето. Ги собравме оревите - тие од горната, а ние од долната нива. Рековме доста е за денеска, ќе дојдиме утре пак и ќе ги дособериме. Останаа несобрани само оревите паднати на меѓата и од погорните гранки над меѓата.

Другиот ден уште рано в зори, пред сонце, со стаповите, вреќите, но и со коса и вила повторно се истопоривме под оревот. Јас косев, а Соколе ја чистеше тревата, заедно со копривите и шиповите. А најдобро ќе беше ниту да ја косевме меѓата, ниту да ја чиствевме, да ја оставевме така, па да ја запалевме, огон да ја изгореше...

Кога почнавме да собираме од оревите од меѓата, се скаравме, зашто јас реков дека не само што горната нива е поубава и поголема, туку и дека оревот има поголеми гранки и повеќе родил од горна страна. Брат ми се налути, не изусти ни збор, ги истури полупразните вреќи на стрништето и нога под нога со Соколејца си заминаа дома.

Нас нé оставија како утки да собираме од оревите и да ги колнеме како да не нé се брат и снаа, туку како да се најтуѓи туѓинци. Да си кажам право, јас бев крив, ама и Костадиница, бог да ја прости, само ме потспотнуваше. Како нејзе никој не знаеше да го потпали фитилот во мене, да ме потпали, да ме разгори, чинеше речи едно зборче, па надодај друго на него и разврзи ја целата лоша дума, а јас кутриот веднаш запали се, вжешти се, усвити се, па така и таа вечер отидов дома, ја зедов секирата и го исеков оревот.

Мислев дека така е најарно, ем нема веќе да се караме со брата ми Соколета за оревот, и онака е стар, па белки нема веќе да никне ни една млада фиданка од трупецот...

Брат ми не дојде да си ги земе истурените ореви од нивата, така скапаа, ги колваа гавраните и ги собираа верверичите, а и гранките од оревот со години гниеја во неговата нива. Но, тој не можел да ми прости, ми кажуваа други, што сум го пресекол единствениот орев што го имавме и што го посадил татко ми! Е, тоа и мене сега најмногу ме боли, што се нафрлив на споменот од татка, зашто кога ќе го видев исправеното стебло на оревот со широката крошна над него, како да го гледав застанат татко ми пред мене!

Брат ми Соколе од тогаш никогаш не проговори ни еден единствен збор со мене, плашејќи се да не ми згреши и тој нешто, и недај боже да ме навреди, а да гукнеше барем еднаш, да не ја вртеше главата и да не ја наведнуваше кога ќе ме видеше, божем е тој крив а не јас, да не одбираше други патчиња за случајно да не се сретнеме, да ме искараше зашто сум помал, да ме исплукаше, да ме истепаше... Е, тоа најмногу ме болеше, што сите ми велеа дека од уста не ме вади, дека саде ме фали дека сум вреден и највреден на земјата, ама дека нема да ми прости до гроба, зашто сум му гибнал во споменот од татка и што сум го погазил братството. Тој го додржа зборот, ете, а јас пак си велам: да не има некој скришен Ѓавол во меѓата, што ноќе шета по нивите, а дење се пика во дупките и џбуновите, каде што се криевме и ние...

Да можам да го видам тој Ѓавол и нему би му пресудил со секирата!

## ПРОСЈАК И ГУЛАБ

Просјакот штотуку заврши со скромниот појадок: една виршла и едно варено јајце, и двете варени и оставени од вчера. И што друго да му стави на гулабот кој редовно го храни на прозорецот, освен да му ги издроби малку поситно со прстите лушпите од јајцето и да му ги истури на сивиот лим на надворешната страна од прозорецот.

А гулабот доаѓаше секој ден, знаејќи дека ако ништо друго ќе најде барем некоја поситна трошка, оставена од раката на просјакот. И така ден за ден просјакот и гулабот станаа пријатели, иако сé започна случајно и никогаш претходно се немаа ниту видено, ниту пак слушнато. А сé започна на тој начин што просјакот почна да ги истура трошките од чаршафот на сивиот лим, наместо директно да ги истресе низ прозорецот долу на асфалтот, или пак, во клозетската шолја - понекогаш и со рака ги собираше најситните трошки и ги ставаше на надворешниот подѕидок од прозорецот.

Одвреме-навреме ќе ставеше на лимот и по некое делче кое паднало при миењето на зелената салата, или семе од

пиперките кое се изронало на земи при кинењето од низата со пиперки, или при нивното плакнење под млазот од чешмата.

Просјакот не беше толку сиромав, колку што беше штедлив. А, гулабот дојде уште истиот ден кога просјакот почна да остава трошки надвор. Слета од небото, од соседните дрвја, или од некој друг прозорец. Гребењето со ноктите од неговите тенки нозе, како и непрекинатото колвање и чукање со клунот по лимот, толку многу го нервираа првите неколку денови, но брзо се навикна на секојдневните утрински посети на гулабот, бидејќи беше осамен.

Еден ден просјакот полека го отвори прозорецот додека гулабот колваше, сакајќи да го допре гулабот и да го помилува по грбот, надевајќи се дека еден ден можеби тој директно ќе слета на неговата подадена рака, или ќе застане на неговото рамено или глава. Но, гулабот веднаш штом забележа дека се отвора прозорецот се исплаши и летна на еден друг прозорец од соседната зграда и се врати повторно на просјаковиот прозорец дури откако забележа дека прозорецот е повторно затворен и дека до него нема никаква човечка силуета.

А, просјакот толку многу се навреди поради недовербата на гулабот кој го хранеше со денови, што посака уште во тој миг да му се освети и веќе никогаш повеќе да не му даде ни една трошка сув леб. Но, ноќта скова еден многу пострашен начин за освета, а тоа беше подотворање на прозорецот и ставање на трошките од внатрешната страна на прозорецот. Гулабот слетуваше на прозорецот, застануваше до стаклото, но никако не се осмелуваше да влезе внатре. И тоа траеше со денови, а просјакот беше уверен дека еден ден планот ќе му успее. Рачката од прозорецот ја имаше врзано со долг тенок конец за кога ќе влезе гулабот да го повлече прозорецот и гулабот да го фати во замка.

И навистина едно зимско студено утро гулабот, дали поради глад или подгонет од љубопитство, толку многу се охрабри што полека влезе внатре. Најпрвин само ја подаде главата низ отворот, а потоа почна и да колва, а просјакот не чекајќи ни да влезе гулабот сосема внатре, силно го повлече со конецот прозорецот и дури го удри гулабот во крилото, поточно го залепи за рамката, па тој остана повеќе внатре отколку надвор. И така приклештен меѓу рамката од прозорецот и крилото со

стаклото остана преплашен додека просјакот не се доближи и не посака да го зграпчи со двете раце. Тогаш гулабот му се измолкна од рацете и прфна високо над неговата глава.

Надмудрувањето меѓу просјакот и гулабот се претвори во вистинска драма и борба, зашто просјакот попусто го бркаше гулабот низ собата, обидувајќи се да го фати, а гулабот леташе од едниот до другиот крај на собата, при што неколку пати дури удре во стаклото од прозорецот и многу негови пердуви се разлетаа низ собата.

Да имаше мачка или ловџиска пушка, просјакот сигурно ќе се обидеше со нивна помош побрзо да го совлада гулабот, но на крајот сепак му текна дека гулабот може да го убие со најдолгата метла или нејзината рачка, па затоа ја побара зад влезната врата.

Со неколку силни удари, на крајот од долгата и мачна борба, просјакот сепак успеа да го убие преплашениот гулаб. Кога го фати во рацете гулабот трепереше, а срцето сé уште му отчукуваше.

Набрзо потоа гулабот се најде во тенџерето со врела вода, а жилавото и тегаво помодрено месо просјакот одвај успеваше да го одвои со забите од долгите и тенки црвени коски.

*(Ова е само една и воедно прва верзија на погорезададената тема).*

*Скопје, 1.2.2009*

*(дома)*

## ПРЕСУДА

Обвинетиот секој ден ѕиркаше и го отвораше поштенското сандуче очекувајќи дека сепак нема да пристигне пресудата или дека ако веќе таа пристигне дека ќе биде поволна за него сé додека еден ден тој престана да ѕирка и да го отвора поштенското сандуче бидејќи беше сигурен дека и да е таа пристигната и да е внатре дека таа не мора да се изврши зашто

од него лично не е потпишана доставата а пресудата мораше да ја потпише и прими тој и никој друг.

ПОУКА: Пресудете им вие ним, наместо тие да ви пресудат вам!

*Скопје, 1.2.2009*

*(дома)*

## МУСАКА

17,30 часот

Ало шефе видете слушајте ме добро јас овде немам шпорет а ќе треба да ја стоплам мусаката и да ја однесеме во воена болница на хирургија кај жан митрев вклучете го вие шпоретот зашто јас немам шпорет овде всушност имам ама не работи рерната туку греат само ринглите и тоа две можам да ја затоплам малку горе ама тоа ќе биде само одоздола се плашам да не ја изгориме а треба да ја однесеме во 19 часот да бидеме таму...

17,45

Шефе се јавив само да ве потсетам и да ве прашам дали го вклучивте шпоретот и дали може да се донесе кај 18 часот тепсијата со мусаката за да ја стоплите вие таму зашто јас овде немам шпорет не имам ама не ни работи рерната работат само две од ринглите па затоа ќе ја донесеме таму треба да се однесе во воена болница на хирургија кај жан митрев многу нé е битна нарачка за еден многу значаен човек...

18,15 часот

Ало шефе се извинувам но сакав само да прашам дали е сé во ред зашто мојот човек тргна кај вас некаде пред шест часот со кола и би требало да е веќе стигнат таму затоа кажете ми дали го вклучивте шпоретот и дали е сé во ред тепсијата со мусаката ставете ја во рерната и нека се грее едно петнаесетина минути

па после нека ја однесе возачот знаете во воена болница на хирургија кај жан митрев треба да биде точно на време кај еден пациент многу е важен ај видете ве молам да не ја утнеме и да не се посрамотиме пет пати ми се јавија роднините на пациентот да прашаат знаете нарачка е...

18,45 часот

Шефе како тоа ве молам сте заборавиле да го вклучите шпоретот и да ја ставите мусаката во рерната па што прави таму сé уште возачот што дреме што не ве потсетил тој треба да ја носи тепсијата со мусака во воена болница на хирургија кај жан митрев за еден многу значаен пациент е знаете нарачка е ај видете ве молам ќе задоцни ама барем да биде топла подгрејте ја малку нека се потпече да крцка најгорниот слој ама не и да изгори кај нас мусаката беше готова за печење уште во 15 часот ама шпоретот не ни работи греат само две од ринглите не работи ич рерната ни беше страв да не ја изгориме одоздола а горе да не остане жива ако ја печевме горе на двете рингли...

19,15 часот

Како тоа пробавте ама и кај вас не ви работи добро рерната па што не кажавте на време што чекавте што ќе правиме сега ви се молам или вратете ја овде кај нас да пробаме ние самите па да ја однесеме знаете требаше да биде таму уште во 19 часот а сега е 19,15 да гледаме да не се обрукаме сосема зашто многу ни е битно нарачка е за во воена болница чека тој битниот господин на хирургија кај жан митрев...

19,30 часот

Ајде гледајте потпечете ја внимателно одоздола па белки од диреата ќе се испече и одозгора можеби нема да крцка ама битно е да се јаде да биде топла но ќе се изладе додека ја однесеме не знам што да правиме можеби требаше да се јавиме и во некој друг ресторан ама сите ќе нé разбереа дека не ни работи шпоретот всушност ни функционираат само две рингли но не и рерната не знам како ќе работиме вечерва а нарачка е за многу многу значаен човек да не ви кажувам кој е лежи на

хирургија кај жан митрев во воена болница и недај боже некој друг вечерва да ні нарача уште една мусака...

## УРБАНА МАЧКА

Кутрата таа мачка. Чинеше тргни, па застани. Па, пак тргни, па пак застани. Се џареше на сите страни. Делуваше толку многу збунето, што во првиот момент намерникот би помислил дека е болна, односно дека има некој недостаток.

Но, на мачката ништо не ѝ недостасуваше, освен претходната неасфалтирана, правлива улица преку која илјадници пати имаше претрчувано те на едната - те на другата страна. Впрочем, глувци имаше или немаше еднаш ваму, другпат таму, а многу ретко и на двете страни.

Затоа, сега мачката беше толку многу збунета од црниот, сѐ уште врел асфалт, што долго размислуваше каде и дали воопшто да претрча преку црниот пат, долг и широк како река, а уште повеќе што по него јуреа автомобили, мопеди и велосипеди, а и луѓето се движеа многу побрзо.

Првиот којшто застана бев јас, со зборовите:

- Ајде, мачко, помини... Уште изутринава ти ми недостасуваше...

Но, за среќа, мачката не беше црна и денот не беше петок.

## СТАРИОТ БРОД

На Главното најстаро пристаниште, каде денес стојат нови и големи бродови, кои со најразлични натписи повикуваат на дневни и ноќни прошетки низ Езерото, стоеше и тој - Стариот Брод.

Бојата му беше излупена, прозорците или скршени, или сосема ги немаше. Но, тој беше тука. Закотвен и врзан со синџир за големата железна алка на брегот.

Кој ли сѐ не го управувал, кој ли сѐ не се возел со него.

Знае ли некој колку пати точно прокрстарил вдолж и вшир езерото.

Која била неговата прва, а која неговата последна патека?

Или: возел ли постојано по само еден и ист пат?!

Одговорот го знае само тој, Стариот Брод, денес нем сведок, а уште утре можеби неговите коски од старо железо ќе се најдат на некој отпад во градот.

Тие што го помнат - ќе раскажуваат, или тој ќе ги надживее и нив?!

## ВРАБИЦА

Слета врабицата на брегот од Езерото. Случајно или не, но точно до една поголема трошка од леб. Ја сронало некое дете јадејќи геврек, или на здодевните и бројни продавачи на крофни им паднала додека со бројни зборови ги мамеле купувачите.

Врабицата најпрвин го колвна најголемиот дел од трошката, а потоа и најситните ронки што останаа на бетонот ги прибра чучкајќи со клунот. За среќа, иако дуваше силоен ветер, околу трошката имаше бел конец од некое од јажињата на превозниците со кајчиња, кои тука околу бетонските ногарки на клупата ги врзуваа додека одмораа или додека чекаа патници. Па, така, заедно со конецот, врабицата полесно ги собра и сите делови на трошката.

Но, иако ги колвна и најситните ронки од трошката во својот клун, врабицата не проголта ни една ронка од нив, туку стреловито јурна над езерската шир до дрвото во чија крошна имаше свое гнездо.

Дури откако слета кај вишниот јавор надвиснат над водата, узнавме дека таму има малечки птици.

Врабицата беше *антологиски* пример за вистинска мајка.

## ПАРИ

Има еден продавач на варени пченки кој е најречит од сите, кој најбрзо ги продава пченките и кој сигурни сме дека нема турист кој не го забележал и не го памти години по ред. Тој, како и повеќето други, турка велосипед со две кошници со варена пченка, завиткани во најлон и покриени со бело платно.

Вели дека неговата пченка е најмлада, најубава, планинска (прво велеше и дека е Велестовска, но потоа тоа престана да го кажува, зашто најверојатно сфати дека никој жив нема да му поверува дека во планинското Велестово каде освен камен не никнува ништо друго - може да се роди таква пченка, како што вели тој: жолта, сочна, медена, најубава на Балканот, од стара сорта (а не хибридна што ја јадат само магариињата).

Кога нема купувачи, тој знае и да запее и на тој начин да го избрка бесот од себеси.

Но, од година во година, тој измислува сѐ понови и понови слогани (ова не се реклами - уверете се и сами, вели тој). Како некој Итар Пејо, снаодливиот Охриѓанец, во летото 2006-то, меѓу другото, зачестено почна да повторува дека ако не знаете што е добро - тогаш прашајте што е поскапо, но пред тоа да го каже - стотици пати во денот ја повторува следнава фраза:

- Парите не се јадет!

А, луѓето од глад и стрв, побрзуваат да го потврдат тоа.

Парите не се јадет, како што вели тој, но зошто тој ги собира и ги дипли во џебот - праша еден од оние, кој очигледно не сакаше така лесно да ги изеде своите тешко спечалени пари.

Оваа случка ме потсети на раскажувањето од татко ми дека некогаш кога јас сум бил многу мал, во нашето село поминал уличен продавач на гурабии, долги црвено-бели шеќерчиња во форма на бастунчиња, благи лепчиња и други слатки работи, кој на насобраните селани им велел да земат и да си ја облажат душата, зашто наскоро ќе има потоп, по што еден од присутните го запрашал:

- Ако има потоп, тебе тогаш зошто ти се парите...?!

## СПОМЕНИК

Пред споменикот на просветителите Свети Кирил и Методиј постојано доаѓаат нови млади и постари луѓе кои сакаат да се сликаат. Едни чинат качи ги децата горе пред нозете на просветителите, а други стануваат сериозни божем се и самите мислители. Трети пак, со сладоледот в раце, или “американските“ крофни со прелив, позираат заедно со преродбениците.

Ако - си велам - барем на сликите нека имаат книга, кога никој од нив не држи книга во рацете и бега од неа како од ѓавол.

А, дека сите од ред се само за сликање, треба да ги слушнеш дека не знаат ни да го прочитаат тоа што е напишано, па едни велат Кирил и Методија, други пак, Кирил и Методи, а речиси никој: Кирил и Методиј.

Кутрите тие наши предци, што сé мораат да видат, слушнат и трпат!

## СВЕТУЛКИ

Најмногу светулки имаше кај црквата. Ни беше страв да одиме таму, посебно ноќе, поради мртвите, но навечер ќе се стрчавме по јатото светулки по правливиот пат и немаше ни да забележиме дека сме веќе веднаш над гробиштата.

Од гробиштата нé делеше само ниската авлија, која ја прескокнувавме во лето кога тука беревме зрели цреши од црквените црешни.Попусто нé предупредуваа дека е грев да се краде од црешните во црквениот двор, зашто тие зрееја побрзо од другите, а и никој посебно не ги чуваше.

Светулките беа најбројни токму кај црквата, каде дење на црниот бозел имаше најмногу пејжужиња, а дење пак, роеви светулки се појавуваа таму, а ние чиневме фати светулка и светликавото зрнце залепи го на челото. Така, со многу залепени светулки на челото, како војници марширавме по патот, ловејќи сé нови и нови, немилосрдно убивајќи ги светулките само поради светликавите зрнца залепени за нивниот мев.

Се откриваа ли светулките со нивното светло и ни го покажуваа ли погрешниот пат?!

Светулките чинеа светни-угасни, исто како што завршуваше и животот на луѓето од тој крај.

## ПАСТРМКА

Од каде во нашиот крај пастрмки?

Сигурно не ги донел ветрот, или не паднале тука со дождот. Значи, стигнале тука од Црна по течението на Жаба. Талогот од рудата ги избркал и натерал да побараат друго чисто и тајно скровиште, па тие стигнале речиси до последната највисока спила, каде и го откриле малечкиот, но постојан извор. А, ние тука жедни доаѓавме во најголемата горештина, да си ги наквасиме непцата, да ги преполниме стомаците со студена вода со мирис на земја, или само да си ги оплакнеме лицата од потта. Водата од изворот се пиеше полека, речиси низ заби поради песокта, но беше вистински спас и радост, кога изворот не беше заматен и кога долго не се чекаше на ред.

Еден ден, ловејќи риби и превртувајќи камче по камче, стигнавме и до последната камена плоча зариена во водата, под која течеше изворот. И, кога некој предложи да видиме и под него да не има риби, не ни сонувавме дека токму тука е скриена најубавата глетка. Пет-шест прекрасни риби со црвени дамки од страните преплашено ги следеа сенките на нашите тела и раце. Најмудриот и највештиот од нас предложи веднаш да го завириме местото, по што сите нафрливме камења и песок околу изворот и - сите риби беа наши!

Не можевме да им се нагледаме на крупните и чисти риби, кои подоцна жално завршија во нашите изгорени тави.

Белото и вкусно месо беше за нас, а на нивната мазна кожа со црвени дамки - се радуваа нашите прегладнети мачки.

## МЕЃА

Нема куќа, плевна, двор или нива без меѓа. Подобро речено: нема ништо без граници, колку и да изгледа дека сето тоа е безгранично. Тоа што е твое е твое само до определена граница. Инаку, некој би завладеал и би го прогласил целиот свет за свој, па тогаш не би смееле не само да претрчаме, туку дури и да ѕирнеме во него.

За среќа, нашиот имот е убав и голем, па татко ми со голема гордост во срцето и радост во очите вели дека нас во селото не ни́ требаат други патишта, зашто ние можеме да одиме од една во друга наша нива.

Но, и до нашите ниви има меѓи и тука речиси секогаш тешко се определуваат границите. Не дека не може, туку зашто постојано другиот не сака.

Затоа, се знае, дрвото што е на меѓата и има и најмал род, се тресе или чука со долг стап, па што ќе падне под или над меѓата е за едната или другата страна. Она што е на самата меѓа, исто така, се дели на два дела. Ако се скараат соседите на меѓата - ќе се подели на два дела дури и стеблото сосе гранки. А, ако е коренот од дрвото во ваше место: или оставете им го родот од гранките што надвиснуваат над нивата на соседите, или пресечете ги гранките, но пред да имаат род - за да ви биде помалку криво и вас и ним. Сеедно е кој ќе ги пресече гранките, ноќе или дење, зашто секогаш ќе се знае кој го направил тоа, што е сигурен знак дека нема да има никаков немир или полза, или пак дека новите и вистински кавги допрва претстојат!

## ЦИРКУС

Веста дека во селото дошол циркус се ширеше побрзо од ветерот од едната до другата планина. И старо и младо стануваше на нозе и правец - напуштениот задружен дом.

А, таму, се знае, со столчиња донесени од дома, во турканица за подобро место во предните редови. Тоа воопшто не беше шега - во селото дојде циркус, па кој е тој што ќе останеше дома, додека на запалени свеќи, со набрзина направената бина од стари маси и завесата од неколку заврзани бели чаршафи, немаше да присуствува на дотогаш невидениот настан.

Најпрвин излезе голтачот на пламен, па човекот кој легна испружен на штица со остри шајки, а на крајот најкрупниот од нив на кој му кршеа камен на стомакот. Каменот беше вистински, во тоа се уверивме утредента откако си замина циркусот, зашто добро го познававме тој камен - претходно секој ден ние седевме навечер на него пред селската продавница, а сега целиот беше искршен на остри и ситни парчиња. Селаните кажуваа дека тројца најсилни мажи од селото, заедно со циркузантите одвај го поместиле од место и го качиле на бината, а јас и ден-денес се прашувам дали таа вечер го кршеа него или некој друг вештачки камен, дали шајките и пламенот беа вистински... Одговорот не го знаат ни оние кои беа речиси залепени со носевите до завесата од предната страна, а јас се уште верувам и ве уверувам и вас: дека циркуската претстава во селото (сеедно дали со вистински предмети или лажни реквизити) беше вистински настан, а не недосонуван сон.

## ЗЛАТО

Над селото, над водопадот, имаше римски гробишта. Се обидоа многумина да ископаат нешто од нив, но не ископаа ништо друго, освен коски, земјени предмети и по некоја железна паричка.

Попусто тука сите бараа злато, па дури и археолозите, кои еднаш дојдоа тука, копаа неколку дена и незадоволни си заминаа.

Но, само на стотина метри оттука, веднаш до самиот поток, крај старата дива јаболкница, еден ден најголемиот крајпатен камен осамна превртен. Првиот што в зори одел по истиот пат нагоре кон планината забележал дупка во облик на грне и стапки од опинци кои во калта се враќале кон селото.

Оттогаш сите кога ќе поминеа тука се загледуваа во дупката и каменот, но и во другите камења и стари стебла покрај патот, и постојано се прашуваа: кој беше тој кој го сони златниот сон и го откопа грнето. Дали беше тоа злато од неговите претци, долго чувана тајна, случајно откриено богатство, голема и вечна радост, или уште една несреќа во семејството?!

## АППЕНДИЦ: ИМАГИНАРЕН МОЗАИК

### ЗМЕЈ

(Ова камче е со темно-сина боја, личи на ромб со опашка. Тоа не е вистински змеј од кој се плашат децата, туку обично летало кое се чува под креветот, кога веќе не може да се легне со него и на него. Неговата темно-сина боја е за да се разликува од посветлата боја на небото и облаците.)

Знаете ли колку високо се има искачено Вашиот змеј?

Знаете ли колку високо се има искачено воопшто било кој змеј?

Можам ли јас да бидам качен на тој змеј?

Можам ли токму јас да го направам тој змеј - со кој ќе се вивнам највисоко во облаците и се ќе можам да гледам одозгора?

Така се прашував со денови, враќајќи се дома навечер од кај планината, доцна попладне од кај полето и рекичката. Знаев дека од мојот волшебен змеј можеби нема да можам да ги видам ситните бисерни камчиња во реката Жаба, или малечките рипчиња кои се криеја под нив, но длабоко верував дека токму јас ќе го направам змејот над змејовите, со кој ќе летнам од кај највисокиот врв на карпата над селото...

# ИЗВОР

(Ова камче е, исто така, со темно сина боја, но личи на риба, поточно на мало рипче кое штотуку учи да плива заедно со неговата мајка.)

Еден ден, кога отидов да се разладам сред летните горешгтини во реката, веднаш во вирчето пред нозете забележав рој, или како што велевме ние плипот од ситни и најситни рипчиња.

Најпрвин посакав да фатам едно од нив, а малку потоа - сите мали рипчиња да бидат мои. За таа цел, иако се снаоѓав со мало лукавство - заграбавувајќи вода со грстови, успевав од десетици рипчиња да фатам само едно, или одвај неколку.

Но, грст по грст, заграб по заграб, рипче по рипче, чинев фати едно или неколку рипчиња и веднаш отрчај до најблискиот наш бунар со ладна вода и истури ги рипчињата заедно со водата.

Рипчињата брзо се привикнуваа на новата ладна и чиста вода, а јас бев решен не само на малите рипчиња тука да им биде многу подобро, туку ако може да пораснат големи и со нив да направам цел рибник.

Уште истата вечер од дома им донесов и трошки леб, а тие чинеа излези и веднаш скриј се во каналот кој водеше од изворот до неговиот истек.

Всушност, малите рипчиња се плашеа уште од мојата сенка, кога ќе се појавев и ќе се наведнев над изворот. Мојот лик беше некако многу поголем и чудно искривен во водата како во криво огледало, па најверојатно уште повеќе ги плашеше и тие мислеа дека доаѓа некаков ѕвер, а не нивниот најдраг и единствен пријател.

И, така, ден за ден, ноќ по ноќ, малите рипчиња станаа големи риби. Кога ќе се појавев над изворот, како над бунар од желби, тие ќе излезеа од под најголемиот камен на каналот и веднаш стреловито ќе се вратеа назад. Колку повеќе стануваа големи, толку и нивниот страв како да стануваше поголем, па се прашував: што ќе прават тие кога ќе бидат големи на пример половина метар со страв кој ќе биде неколку метри поголем од

нив? Ќе се плашат ли и од сопствената сенка, ќе им мрдне опашката или перките, а тие ќе мислат дека им дошло некое чудовиште во близина да ги изеде, па од страв ќе скокнат надвор од изворот и можеби ќе посакаат повторно да се вратат во реката. Но, тоа сигурно не ќе можат да го направат, па затоа и бев загрижен уште повеќе.

Но, моите риби беа многу големи и многу умни, па скокнуваа повисоко и од водата, но само кога во изворот ќе паднеше некој инсект, или некое зрно од пченицата од соседната нива која граничеше со изворот.

И, се ќе беше во ред, доколку еден ден не се појави вистинска змија во изворот. Дошла привлечена од мирисот на рибите од кај најблиската планина, да се напие вода сред летната жега, или некој намерно ја фатил и ја фрлил поради инает или одмазда токму во нашиот извор?!

Дилемата набрзо ја разреши татко ми, кој мудро и загрижено заклучи: оваа змија е водна, штом може да живее под вода, но мораме да најдеме начин да ја убиеме, зашто таа не само што ќе ги плаши рибите, туку ќе започне да ги напаѓа и јаде една по една, па еден ден може повторно да останеме и без една риба во изворот, а и кој намерник ќе пие веќе вода од изворот, ако види, или ако дознае дека внатре има огромна змија?!

Но, како да ја убиеме змијата? Повторно одговорот го даде татко ми: ќе ја исцрпиме со кофи сета вода, рибите ќе ги префрлиме привремено во кофи со чиста и ладна вода од истиот извор, а на крајот кога ќе остане на суво сама змијата, брзо и лесно ќе можеме да ја убиеме.

Речено - сторено и тоа уште истиот ден, но змијата никако да се појави. Каде ли се скри, просто не можевме да поверуваме дека неа ја нема, па дури почнавме да се сомневаме и во нашите очи - дали навистина имало змија или тоа бил само привид, зашто ја исцрпевме и исфрливме и последната капка вода, а змијата не се појавуваше. Најдовме само неколку ситни коски од риби, а змијата до доцна во ноќта воопшто не се појави.

Најпосле, но дури по неколку години: енигмата беше разрешена. Водата од изворот не течела само во каналот направен од камени плочи, туку истекувала и надвор од каналот, пробивајќи се под градината и излегувајќи веднаш под овоштарникот засаден со ореви. Тогаш, кога се појави водата од

изворот на ново и друго место, ние почнавме да копаме, направивме уште еден извор, но змијата не ја најдовме.

А, рибите?

Нив, иако тоа беше најдобро, не ги вративме во реката, туку повторно ги истуривме заедно со водата во изворот. Така, нашите риби живееја посебен изворски живот, оддалечени од дел од своите браќа и сестри, па и своите родители, иако од нив ги делеа не повеќе од дваесет чекори.

Но, тоа беше нашиот голем, природен аквариум. А, изворот со риби не само што беше секогаш чист, без и еден инсект, туку набрзо за него се расчу многу подалеку и од нашето планинско село. Така, еден ден, дошле тука група луѓе и деца од соседното село, па скришно ноќе ја исцрпеле водата од изворот и сите риби си ги однеле дома.

Можете само да ја замислиме судбината на нашите риби, кои немоќни се нашле во нивните тави, и нашата жал по нив.

Та, барем да ја најдеа змијата и да не поминеа неказнети од неа!!!

## ЛАМБА

(Ова камче е со жолта боја и личи на восок, но најмногу на светулка која чини светни-угасни се во ноќта.)

Да не беше таа ноќ, кога првпат пуштија струја во селото, не ќе знаев, поточно - можеби ќе подзаборавев на сите ноќи кога приѕирајќи ги учев најпрвин кириличните букви од азбуката, броевите од еден до десет, а потоа и латиничните букви од абецедата...

Ламбата беше од бело проѕирно стакло, полна со газија и фитил кој излегуваше од отворот нагоре, со црвенкасто-синкав пламен и задолжително со огледало од задната страна за да ја одбива светлината повеќе. Залепени до книгата и до ламбата, не само што се огледувавме во тркалезното огледало на ламбата, туку го вдишувавме и чадот од ламбата, но требаше да се штеди и на

газијата, па ламбата час поскоро требаше да биде угасена. Ламбата беше за незавршени домашни задачи, за доповторување на лекциите и за по некоја куќна работа, како што беше шиење со игла и конец, вечерни гости, станување рано в зори и тргнување на пат за Крушево.

За одење в плевна, за ставање сено и слама кај добитокот, за излегување при невреме, за појавување надвор од дома при силно лаење на кучињата, комшиско повикување, или доаѓање на непознати луѓе пред горната порта..., е, тогаш најчесто се користеше малиот фенер, кому ветерот не му можеше ништо, а под ѕвезденото небо неговиот пламен тлееше како уште една малечка речиси невидлива ѕвездичка.

Не еднаш ќе излезевме надвор со главите нагоре за да ги набљудуваме ѕвездите, верувајќи дека ќе ја видиме својата ѕвезда. Но, таа ноќ по многу нешта беше единствена и неповторлива, зашто кога ја пуштија струјата - жителите од темниот вилает беа не само збунети и уплашени, туку од толку многу нова светлина како да беа и заслепени. Затоа, цела ноќ шетавме нагоре-надолу по главниот селски пат, првпат гледајќи го одеднаш целото село осветлено.

Кога се вративме дома, прво што направи татко ми: зеде стар весник и го стави околу сијалицата, за да можеме да се привикнеме на домашната светлина, а потоа и да заспиеме.

Така беше со денови, додека весникот не почна да подгорува

...